СОУ ГИМНАЗИЈА „МИРЧЕ АЦЕВ“- ПРИЛЕП

ТЕМА: ТЕОРИЈА НА ЛИТЕРАТУРАТА

# ЛИРСКО-ЕПСКИ ВИДОВИ

Професор Емона Јованоска

2012 година

(Помош за наставата по македонски јазик и литература)

## ЛИРСКО - ЕПСКИ ВИДОВИ

Лирско-епските видови содржат карактеристики на епиката и лириката. Епското се согледува во наративноста, а лирското во изразената емотивност. Во овие дела има фабула и ликови. Најчесто се пишувани во стих.

Во овој вид литература спаѓаат баладата, романсата и поемата.

Поимот **БАЛАДА,** потекнува од италијанскиот глагол ballare , што значи – игра(м), францускиот ballete и провансалскиот глагол ballada, со истото значење. Во почетокот, кога се појавиле (14. век – западна Европа- Франција и Италија),тие биле ведри и весели ороводни песни придружувани од музички инструменти.

Според поетот Гете, баладата освен што го спојува епското со лирското, треба да содржи и нешто таинствено.Постојат љубовни, социјални, хумористични и др.видови балади. Некои балади имаат рефрен. Многу од баладите завршуваат несреќно – со смрт.

Темите во баладите се поврзани со народните преданија,легенди и суеверија,но има и реалистични мотиви.Во баладата има судир на спротивности,доброто наспроти злото,љубовта наспроти омразата. Македонската народна литература изобилува со преубави балади што најчесто се пропратени со мелодија.

Во европските литератури како интернационални мотиви во баладите се среќаваат: несреќна љубов, насилна мажачка/женачка,родоскрвен грев, мртва сакана, лоша мајка/маштеа/свекрва и др.

Баладите се присутни и во народната литература и во авторската.Автори на балади се Франсоа Вијон, Гете, Шилер, Кочо Рацин,Ацо Шопов,Блаже Конески,Славко Јаневски и др.

и други поети.

## Имала мајка / **ЃОРГИ ГРОЗНИЧАВ/**

Имала мајка, имала
до девет сина убави,
десетти грозен Ѓорѓија,
Ѓорѓија беше болничав.
Мајка на Ѓорѓи велеше
- Мани се Ѓорѓи од дома
оди по гори планини
да не ми ругаш синови,
да не ми глотиш дворови
и високите сараи.
Ѓорѓи на мајка збореше
и дробни солзи ронеше:
- Оф, леле, стара мајчице,
нели сум уште малечко
пусти патишта ќе згрешам
во гора ќе се изгубам
ѕверови ќе ме изедат
без мене мале ќ останеш.
Мајка на Ѓорѓи говори:
- Мани се, Ѓорѓи од дома,
мани се грозно глупаво,
мани се да те не гледам
више те мајка не сака.
Виде не виде Ѓорѓија
дека го мајка не сака,
па си ја мајка замоли:
- Дај ми ги мајко пљачките:
крпено и некрпено,
опрано и неопрано
татко ми што ми кроеше,
татко ми што ми шиеше,

за убав бел ден Велигден.
Мајка му пљачки исфрли
Ѓорѓија ми го избрка
од родна куќа убава.
Пред да си Ѓорѓи замине
луто ја мајка проколна:
-Оф, леле, стара мајчице
од родна куќа излагам
клетвава да те достаса:
црната чума да влезе,
сараи да ти побута,
дворои да ти запусти
синои да ти потепа,
сама ти мале д останеш
и за Ѓорѓија да кукаш.
Замина Ѓорѓи отиде
во тие пусти планини.
Стегнал си долу селата,
се главил Ѓорѓи овчарче,
овчарче мало чобанче.
Слугувал што ми слугувал,
слугувал девет години.
Печалил Ѓорѓи спечалил
до триста овци јагнињa.
Станал си Ѓорѓи постанал,
постанал голем чорбаџи.
Еднаш се Ѓорѓи нажалил
за своја стара мајчица,
за девет браќа убави
и високите сараи.
Собрал ми Ѓорѓи овците
кинисал, па ми пристигнал
во својата куќа роѓена.

Кога ми дома пристигнал,
мајка пред порти седеше,
и за Ѓорѓија кукаше,
кукаше на глас плачеше.
Ѓорѓи на мајка велеше:
- Оф, леле, стара мајчице
имаш ли конак за мене
ноќеска да си преноќам,
а утре ќе си заминам.
Мајка го Ѓорѓи не позна
и жално нему говори:
- Оф, леле, синко делија
имав конаци високи
и големи двороj широки
и девет синоj убави
десетти беше Ѓорѓија.
Ѓорѓи ми беше најгрдо .
Јас си на Бога погрешив,
Ѓорѓија си го испадив,
од своја куќа роѓена.
Кога го Ѓорѓи испадив,
луто ме мене проколна
пуста ме клетва достаса.
Каде е сега Ѓорѓија
да си го мајка прегрне,
да си го мајка целива.
Ѓорѓи на мајка велеше:
- Јас сум ти мајко, Ѓорѓија,
Ѓорѓија мајко, најгрозен,
најгрозен мајко, болничав.
Тогаш го мајка прегрна,
прегрна жално целивна,
цркна си мајка од жалост

падна на земја пред него.
(народна балада)

**Романса е** лирско-епска песна најчесто со љубовна содржина и среќен крај. Присутно е ведро расположение и честопати романсата е хумористична.Најчести мотиви во романсата се љубовните. Во овие песни жената е претставена природно, неидеализирано. Разврските на љубовните проблеми најчесто се среќни. Како вид се појавила во Шпанија, како народна песна, но потоа постои како авторска.Познат автор на романси во шпанската итература е Дон Горгон од 16 в.

Една од најубавите македонски романси, секако е „Стојан и Лилјана“, или попозната како „Учи ме мајко, карај ме“ според која најдобрата македонска рок-група, Леб и сол, направи прекрасна преработка.

Во таа романса, на најубав начин е прикажана упорноста на момчето, кое никако не се откажува од својата намера да ја земе убавата Лилјана, која очигледно не е заинтересирана за него.

Еве дел од текстот:

Ееej, учи ме мајко карај ме

како да ја земам Лилјана

Лилјана мома убава

Лилјана тенка висока

Лилјана бела црвена

Лилјана ситен босиљок

Лилјана една на мајка.

Учам те синко карам те

како да ја земиш Лилјана

повикај триста мајстори

направи чешма шарена

наврати вода студена

сите селани ќе дојдат

и Лилјанини другарки

ем сите калеш невести

белким Лилјана ќе дојде.

Послуша Стојан мајка си

повика триста мајстори

направи чешма шарена

наврати вода студена

сите селани дојдоа

и Лилјанини другарки

ем сите калеш невести

кучка Лилјана не дојде.

Најпрво мајката го советува да посее „бела пченица“, па кога ќе дојде врмеме за жетва, да ги повика момите на жетва, а со сите моми, ќе дојде и Лилјана мома.

Стојан ја послушал мајка си, „изорал рамни дворови/ посеал бела пченица, а кога дошло време за жетва, ги повикал момите… Сите моми дошле, Лилјана мома не дошла. Но Стојан не се разочарал… ја послушал мајка си која го советувала да направи „чешма шарена, шарена чешма сред село.“ Кога чешмата била готова, сите моми дошле да налеат вода, но Лилјана мома не дошла.

Но, љубовта што Стојан ја чувствува кон Лилјана е толку голема, што ниту тоа не го расколебува во неговата намера – по секоја цена да ја освои убавата Лилјана, „Лилјана ситен босилок, Лилјана црвен трендафил… Мајката го советува да најми калфи, мајстори и да направи убава црква. Стојан, ја послушал мајка си, па направил убава црква… сите моми дошле и сите млади невести, само „ кучка Лилјана“ не дошла. Но, Стојан, пак не се откажува, па се согласил да се стори мртовец. Мајката почнала да плаче и да го жали Стојана. Сите моми долшле, „бели свеќи“ палеле „ситни солзи “ ронеле… дошла и Лилјана мома. Само што се појавила на прагот,

„мајка Стојану заплеска:

„Стани ми стани Стојане,

Лилјана мома ти дошла,

Лилјана да те испрати…“

Тогаш Стојан изрипал и ја зграбил „мома Лилјана“.

Оваа народна песна е најпластичниот пример за тоа дека во романсите се воспева љубовта, која по низа перипетии, на крајот се остварува, како награда за машката упорност.

**<u>Поема</u>** е лирско-епско дело во стих каде се преплетуваат епското (раскажување, фабула, ликови) со лирските елементи(чувства,состојби, расположенија).Емотивното во поемата е изразено преку првото лице. Како жанр, поемата се јавува во периодот на романтизмот (19 в.)и се смета дека нејзин творец е поетот Џорџ Гордон Бајрон.

Со терминот поема во некои странски литератури се означува секоја подолга песна (споредете со англиското poem)

Во нашата литература поеми пишувале Блаже Конески,Ванчо Николески, Васил Куноски и др.Една од најубавите наши поеми секако е „Сердарот“ од Григор Прличев (19 в.)

## Од „Сердарот“ – Григор Прличев

Пискотници се слушаат од Галичник до Река,
што тешка несреќа ги збра
и мажите, и жените, та гласи тажна ека
и навева сал коб и зла?

Дал' град полињата житородни ги беше фатил?
Ил' рој од скакулци се вдал?
Дал' султанот арачлии час предвреме им пратил
да збира арач лут без жал?
Ни град полињата житородни ги беше фатил,
ни рој од скакулци се вдал,
ни султанот арачлии час предвреме им пратил
да збира арач лут без жал.
Та Кузман, јунак славен, падна убиен од Гега,
тој сердар прочут падна в бој,
и ќе ги гази пљачкашот планините ни сега,
а да ги брани нема кој . . ."

***

-Земјоделци, служители на Деметра баш така
шепотеа за гласот зол, а жените,
штом чуја, писнаа од силна мака
и коси корнеа од бол.
А гласот растеше, и голем стана та се дигна
ко Бореј, брзокрил.
За час во сите ближни села толку бргу, ене, стигна
тој несреќен и кобен глас.
Вдовиците и бедните, ги гледаш, солзи леат,
и момите — за света чест.
А земјоделците ко втрегитени од ровја беа
на таа толку жална вест.

***

На оганот мајката котелот, ене го клава:
вода да стопли за толку
саканите капнати јуначки нозе и глава . . .
Него го носеа молкум.
Се надева, кутрата, пак да го пречека кога
коњче ќе разигра стројно.
Тој, силниот цар на сенчестпитпе планини, тогај
помил и станува тројно.
А Кузман честопати гонеше пљачкаши кои
плачкаа секаде смело,
и секогаш силен и горд, со другарите свои,
победник идеше в село

Со почит, пред телото мртво Кузманово, рака
Гегите кренаа веднаш.
Тупаници стиснаа силно; пред мртвиот вака
клетва изрекоа една:
- „Се колнам јас, јунаку, никогаш мајката твоја
да не ја нажали Гега.
И нема да позволам,еве, на зборот си стојам,
смртник да пречи од сега".
Се колнеа Гегите, колено чисто на тие
Пелазги славни. А Неда
со закован поглед в кој омраза — молња се крие
гледа во водачот бледа.
Ко втрештена беше. Молчалива - риба! Но бликна
одеднаш болката пуста.
И тежеше в гради. Ја натера гневот, та викна
луто мајчината уста:
- „Зар повтор со злосторни ужасни мисли сте полни,
скитници, грабливи страчки?!

Зар пак, о, разбојници, кроите некакви волни
убиства, кражби и пљачки?
Зар не се сеќавате, клетници, божјата рака
како ве разори, смачка?
Ил' диво се смеете син ми што загина сакан
мислите: час е за пљачка!
Но и други борци ќе воскресне Река и водач
нивни ќе излезам в гора.
По вашата трага ќе тргнам и по вас ќе одам . . .
Јас да ве уништам морам,
ил' мртва ќе паднам. Зошто ми е животот кога
син ми неодмазден ке е?
Во бојот ќе побарам смрт. Но по желба на бога
може и триумф да грее!
Јас сина да видам - ќе жртвувам живот, копнејќи;
сили со радост ќе зберам.
Но залудо ти ми го фалиш ко јунак, бидејки
враг си му нему по вера.
Даројте на врагот се омразни. Храброста нема
што да ја фалите вие.
Го нејкам ја венецот никаквец што и го спрема,
помисли други што крие.

ноември, 2012 г.